Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 31 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14 и 116/14), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **солфеж** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование.

НАСТАВНА
ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕ

# СОЛФЕЖ

ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2014

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО
МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет солфеж е застапен во сите години на 9-годишното основно музичко образование. Со оглед на ваквата позиција на предметот и возраста на учениците целта на солфеж во 9-годишното основно музичко образование е да се овозможи нивниот комплексен музички развој: развој на музичките способности преку активно вклучување во музицирањето (пеење, свирење), продлабочување на базичните и стекнување на нови знаења од областа на музичката писменост, запознавање со различни сегменти на музичката култура преку слушање музика и посета на музичките приредби, пројавување на креативни способности. Со тоа, наставата по солфеж во корелација со теорија на музика треба да придонесе за поттикнување кај учениците желба активно да се занимаваат со музиката и да биде во тесна поврзаност со свирење инструмент. Во третиот образовен период на 9-годишното образование акцентот е ставен на темелното утврдување на обработените содржини и поими и постепеното продлабочување на стекнатите умеења и навики. Се продлабочува работењето на наставните теми Диктат и Слушна анализа воведени во вториот образовен период кои треба постепено да ги насочат учениците на осознаено користење на слушните претстави, воспоставување корелација со теориските поими, стекнување навика за запишувањето на музиката. Се продлабочува работењето на повеќегласјето, пеење по ноти на примерите со нерамноделните тактови, различни мерни единици. Како и во претходните одделенија, наставните теми на предметот – мелодиката, ритмиката, диктатот, слушната анализа – се тесно поврзани меѓу себе и даваат широки можности за меѓусебно интегрирање. Наставата по солфеж треба да вклучува и активности базирани врз слушање музички дела, со цел да се развива музичката перцепција, да се доживуваат музичките изразни средства, карактер, ритам. Наставата се изведува во групи по 9 – 15 ученици.

- Фонд на часови: 2 часа неделно, 72 часа годишно.
- Статус на предметот: задолжителен

## 2. ЦЕЛИ ЗА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД VII ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да стекне љубов кон класичната музика;
- да стекне сознанија за музичката култура на своето опкружување;
- да ги развие музичките способности;
- да развие музички слух;
- да развие чувство за ритам;
- да развие музичка меморија;
- да пројави креативно изразување;
- да стекне умеење за читање нотен текст, музички термини и ознаки;
- да стекне навика за правилна вокална интерпретација;
- да развие умеење за пеење а виста;
- да стекне умеење за солфежирање вежби во различни скали;
- да стекне умеење за пеење во група на повеќегласни примери;
- да стекне внатрешен слух;
- да стекне умеење за запишување диктат;
- да препознава на слух интервали и акорди во и вон скала;
- да развие осет за тонални функции;
- да стекне умеење за слушање и доживување на хармонија, полифонија;
- да разликува тембр, темпо, динамика;
- да стекне навика за тимска работа;
- да соработува со врсници и другите;
- да умее да се однесува во музичките и други активности во потесната и пошироката средина;
- да покажува почит и разбирање за други;
- да стекне сознанија за користење ИКТ во музичките активности.

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да применува култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- да пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- да го проширува опсегот на гласот;
- да пројавува прецизно интонирање на тонска висина;
- да развива музичка меморија;
- да пројавува осет за ритам;
- да пројавува умеење да прати ритам (со тактирање);
- да развива умеење да тактира со различни мерни единици;
- да ги доживува нерамноделните тактови со ритмизирање (тактирање, придружба со ДМИ);
- да ја осознае нотната слика на нерамноделниот 7/8-ски такт;
- да може самостојно да испее мелодиско-ритмичка вежба по ноти;
- да се оспособува во двогласното пеење по ноти;
- да се оспособува за пеење на лесни канони по ноти;
- да стекнува умееља за запишување диктат;
- да продлабочува умееља за слушна анализа;
- да се поттикнува за сопствено музичко изразување;
- да пројавува усогласеност со музиката во музичко - ритмичките активности;
- да развива ориентација во просторот;
- да покажува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- да се пројавува навика за активно, внимателно слушање на музиката;
- да пројавува осет за музичката изразност.

4. **КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ**

| **Тема: МЕЛОДИКА (30 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичка:<br><br>- да развива музички слух;<br><br>- да развива пејачки глас;<br><br>- да применува елементи на правилна вокална интерпретација при пеење песни и вежби;<br><br>- да го проширува опсегот на гласот;<br><br>- да развива способност за прецизно интонирање на тоновите од скалите Des-dur, H-dur, b-moll, gis-moll (природен, хармонски и мелодиски вид);<br><br>- да го сфаќа поимот скала;<br><br>-да го сфаќа поимот дурска скала;<br>- да го сфаќа поимот молска скала;<br>-да ги разликува визуелно и на слух дурска и молска | -Повторување на претходно изучените скали;<br><br>-Скали **Des-dur** и **b-moll**, **H-dur** и **gis-moll** (природен, хармонски и мелодиски вид);<br><br>-Солфежирање мелодиски примери од народно творештво и музичка литература во сите изучени скали;<br><br>- Канони во дурски и молски скали по слух и нотен текст;<br><br>-Лесни двогласни примери (со бордунски глас и паралелни движења) по слух и по ноти; | -Дурска скала<br><br>-Молска скала<br><br>-Природен вид<br><br>-Хармонски вид<br><br>-Мелодиски вид<br><br>- Бас клуч<br><br>- Паралелно движење<br>- Бордунски глас | -Воочување на разликите меѓу трите видови на молската скала (a-moll) во запишувањето и на слух.<br><br>-Воочување на разликата, односно, распоредот на целите и полустепените во дурските и молските скали (природен, хармонски и мелодиски вид).<br><br>-Откривање на нови дурски скали (**Des-dur и H- dur** ), воочување од потребата на предзнаците.<br><br>-Откривање на скалите **b-moll**, и **gis – moll** (природен, хармонски и мелодиски вид) како паралелна на **H-dur.**<br><br>- Утврдување на изучените скали преку мелодиски примери од народното творештво и музичка литература, како и преку детски, народни песни и канони.<br><br>-Пеење по ноти на двогласните примери во различни варијанти (во групи, во дует, со свирење на еден глас и пеење на друг). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| скала;<br>- да ги разликува визуелно и на слух природниот, хармонскиот и мелодискиот вид на молската скала;<br><br>- да ги проширува знаењата на нотното писмо;<br>- да го применува бас-клучот;<br>- да се воведува во пеење двогласје по ноти;<br>- да развива чувство за заедничко пеење и пеење во групи;<br>- да развива внатрешен музички слух;<br><br>- да стекнува умеења за транспонирање;<br><br>-да стекнува умеење за пеење интервали во скала и од зададен тон. | - Транспонирање на кратки и лесни музички целини (мотиви, фрази, полесни вежби) со пеење, запишување во изучените скали, по можност - и свирење на пијано и/или ДМИ;<br><br>-Интервали во скали и од зададен тон. | | -Транспонирање на различни музички целини со осознавање на стапалата.<br><br>-Пеење интервали од зададен тон (нагоре и надолу) и во скала со осознавање на стапалата од кои е составен интервалот.<br><br>- Игри и квизови за утврдување на совладаните поими.<br><br>**Методи:**<br>монолошки;<br>дијалошки;<br>демонстративен;<br>опсервација. |

| Тема: РИТМИКА(20 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичката:<br>- да развива чувство за ритам;<br><br>- да развива способност за прецизно изведување на ритамот;<br><br>- да го тактира 4/4-от такт на 4 и на 2 по слух и по ноти;<br><br>- да осознае 3/8, 6/8 и 9/8 такт;<br><br>- да осознае осмина мерна единица;<br><br>- да осознае четвртина со точка мерна единица;<br><br>- да осознае ритмови сичилијана и тирена;<br><br>- да ги доживува нерамноделните тактови по слух со тактирање и ритмизирање на ДМИ;<br><br>- да осознае нотна слика на нерамноделниот 7/8 такт;<br><br>- да го применува ритмичкото читање (парлато) на нотниот текст во виолински и бас клуч; | - Мерна единица четвртина и половина нота<br>- Тактови: 2/2<br>- 4/4 на два (со нотни вредности до осмина)<br><br>- Тактови: 3/8, 6/8, 9/8, мерни единици осмина нота и четвртина со точка со нотни вредности до 16 + сичилијана и тирена<br><br>- Нерамноделни тактови („народни ритмови“) по слух<br><br>-. 7/8 такт по ноти ((2+3+2),(3+2+2),(2+2+3) нотни вредности до 8-ни)<br><br>-Ритмичко читање во виолински и бас клуч | -Ритам<br><br>-Такт<br><br>-Мерна единица осмина<br>-Мерна единица четвртина со точка<br><br>9/8 -ски такт<br><br>Сичилијана и тирена<br><br>- Народни ритмови<br><br>-7/8-ски такт | -Доживување на 3/8 такт на 3, и на 1, 6/8 такт на 6 и на 2, 9/8 такт на 9 и на 3 по слух преку тактирање и ритмичка придружба на ДМИ на слушаните композиции и песни<br><br>-Мелодиски и ритмички вежби во 3/8, 6/8 и 9/8 такт со мерна единица осмина (побавно темпо, нотни вредности до 16-ни) и четвртина со точка (побрзо темпо, нотни вредности до 8-ни)<br><br>-Доживување на нерамноделните тактови („народни ритмови“) по слух преку тактирање и ритмичка придружба на ДМИ на слушаните композиции и песни<br><br>-Мелодиски и ритмички вежби во 5/8 и 7/8 такт по ноти (со внимание на тактовите структури)<br><br>-Утврдување на новите нотни вредности во виолински и бас клуч преку ритмичко читање-парлато во различни нотни вредности. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да применува промена на тактовите со иста мерна единица. | - Промена на тактовите со иста мерна единица | | -Мелодиски и ритмички вежби со промена на тактовите со 4-на и 8-на мерна единица |

| Тема: ДИКТАТ (12 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичката:<br><br>- да пројавува умеења за меморирање и репродуцирање на кратки ритмички и мелодиски фрази;<br><br>- да стекнува умеења за запишување на ритмички и мелодиски диктат;<br><br>- да ја развива музичката меморија;<br><br>- да го развива внатрешниот слух. | -Усен диктат (мелодиски и ритмички)<br><br>-Писмен диктат | Сите поими од содржините МЕЛОДИКА и РИТМИКА<br><br>-Усен диктат<br><br>-Ритмички диктат<br><br>-Писмен диктат | Примерот за диктат да е краток, но со јасна формална структура.<br><br>Постапка за запишување:<br>Целосно свирење неколку пати без делење на фрази, за учениците да стекнат навика за ориентација во целосна форма. |

| Тема: СЛУШНА АНАЛИЗА (10 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
| Ученик/ученичката:<br><br>- да стекнува почетни умеења за слушна анализа (слушното доживување и теориско именување) на видовите и елементите на скалите. | - Слушно препознавање на видови интервали до октава (скалични и од зададен тон);<br><br>-Слушно препознавање на дурски и молски квинтакорд. | -Скала<br><br>-Интервали<br><br>-Дурски квинтакорд<br><br>-Молски квинтакорд | -Наштимување во одредена скала и свирење на интервали (хармонски и мелодиски) – ученикот треба да го каже видот и големината на интервалот.<br><br>-Свирење (мелодиско и хармонско) и пеење интервали и акорди од зададен тон. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

-Во третиот образовен период од големо значење, од една страна, е темелното повторување и утврдување на сите содржини од мелодика и ритмика, од друга страна – воведување на нови содржини кои треба да се доживејат по слух и да се вежбаат по ноти. Затоа наставникот треба да пројави креативност и инвентивност во обмислување на активностите на часовите и изнаоѓање на соодветниот музички материјал за солфежирање, пеење, слушање.

-Во вториот развоен период беа воведени наставните теми диктат и слушна анализа со цел да се активира музичкиот слух, да се развива внатрешниот слух и умеења да се запишува слушаната музика. Во третиот образовен период писменот диктат препорачливо е да се практикува на секој час во различни форми, вклучително и целосно свирење, меморирање и запишување. Слушната анализа ги вклучува и квинтакордите (дурки и молски). Според проценката на наставникот, може да се дадат едноставни и кратки примери за запишување во нерамноделните тактови.

-Содржините мелодика и ритмика се тесно заемно поврзани, затоа процесот на совладување на одредени проблеми посочени во една од темите често пати треба да се одвива преку интеграција со другата тема (на пример, совладувањето на ритмичките проблеми во примерите за солфежирање и свирење на ДМИ), како и со предметот теорија на музика.

-Во темата мелодика продолжува да се вежба транспонирање – усно, писмено и со свирење. Оваа постапка треба да се применува со многу кратки и едноставни музички целини.

-Во темата ритмика, покрај доживување на нерамноделните тактови („народни ритмови“) преку слушање и ритмизирање (плескање, свирење на ДМИ, движење) на соодветните примери од народна и уметничка музика, се воведува осознавање и пеење/парлато изведување на 7/8-от такт по ноти.

-Се препорачува слушање музика во изведба на наставникот (музички примери од различни стилови и жанрови) и снимена за воочување на нејзиниот карактер и изразните средства, како и за доживување и совладување на наставните содржини (метроритамот, мелодиски модели).

-Се препорачуваат музичко-ритмичките движења (плескања со рацете, тропкања со нозете, различни движења во простор) за доживување на римичките карактеристики на музиката, според афинитетите на групата.

-Се препорачува користење на ДМИ за следење на висините на тоновите, совладување на ритамот, координација на движењата на рацете, просторна ориентација.

-Треба да се продолжат активностите сврзани со организацијата и следењето на едукативно-уметничките активности во текот на целата учебна година.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

Бројот на часовите е даден ориентационо.

- **Наставни средства:**
  - учебник по избор на наставникот, одобрен од страна на министерот
  - аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД- плеер, видеоплеер, компјутер);
  - детски музички инструменти;
  - дидактички средства и материјали;
  - разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
  - визуелни средства (слики, фотографии, апликации и сл.);
  - Интернет, образовни софтвери.

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за музичкото изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа (формативно оценување).

При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секое поединечно дете.

Во текот на наставата редовно се следи развојот на секој ученик. На крајот од годината се препорачува одржување на јавен час отворен за родителите и други наставници на кој учениците би имале можност да ги преставаат активностите застапени во текот на учебната година и своите постигнувања.

Испит: 1. Диктат 8 такта.

2. Мелодиска вежба а виста.

Оценувањето е бројчано (со оценки од 1 до 5).

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за VII, VIII, IX одделение и за наставните средства за VII одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа може да ја изведува лице кое завршило:

А. факултет за музичка уметност – оддел за музичка теорија и педагогија

Б. факултет за музичка уметност – ддели за:

композиција;
диригирање;
музикологија;
етномузикологија;

(Приоритет според горенаведениот редослед.)

## 7. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- применува култивирано пеење (умерено пеење, без гримаси, дигање на рамења и викање);
- пее песни со разновидна ритмичко-мелодиска линија;
- го проширува опсегот на гласот;
- прецизно интонира со одредена тонска висина;
- развива музичка меморија;

- пројавува осет за ритам;
- знае да прати ритам (со тактирање);
- тактира со различни мерни единици;
- демонстрира нерамноделни тактови со ритмизирање (тактирање, придружба со ДМИ);
- ја разбира нотната слика на нерамноделниот 7/8-ски такт во пеење и парлато изведба;
- изведува вежби со промена на тактовите со 4-на и 8-на мерна единица;
- пее самостојно мелодиско-ритмичка вежба по ноти;
- пројавува интерес за двогласното пеење по ноти;
- пројавува интерес за пеење на лесни канони по ноти;
- пишува лесни диктати;
- стекнал навика за слушна анализа;
- изведува импровизации на кратки музички мотиви „прашање-одговор“;
- демонстрира свирење на ритмички задачи на детски музички инструменти;
- пројавува интерес за слушање музика, посета на концерти и други приредби;
- има интерес за класичната музика;
- има самодоверба во изведување на музичките активности;
- соработува со врсниците;
- покажува одговорност во тимско работење;
- покажува разбирање за правилата на однесувањето во музичките активности на потесната и пошироката средина.

**Потпис и датум на утврдување на наставната програма**

Наставната програма по **солфеж** за седмо одделение на деветгодишното основно музичко и балетско образование, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-14647/1 од 15.09.2014 година
Скопје

Министер

_________________

Abdilaqim Ademi

Изготвил: работна група, координатор м-р Анкица Витанова
Контролирал: Трајче Ѓорѓијевски, раководител на одделение
Одобрил: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор